Република Северна Македонија
УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" - СКОПЈЕ
МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ
Бр. 02-2031/4
14-11-2019 год.
СКОПЈЕ

# ИЗВЕСТУВАЊЕ
## за термини за спроведување на Собири на студенти по студиски програми

Предлагањето на кандидати за членови и претседател на Факултетското студентско собрание на Машинскиот факултет во Скопје ќе се врши на собирите на студентите по студиските програми кои ќе се одржат во следниве термини:

Собирот на студенти на студиските програми на прв циклус студии ќе се одржи на **20 ноември 2019 година (среда), во Амфитеатарот на Факултетот, со почеток во 16:00 часот**.
Собирот на студенти ќе заврши во 18:00 часот.

Собирот на студенти на студиските програми на втор и на трет циклус студии ќе се одржи на **20 ноември 2019 година (среда), во училница 124 на Факултетот, со почеток во 18:00 часот**.
Собирот на студенти ќе заврши во 19:00 часот.

За кандидат за член на Собранието може да биде предложен или да се кандидира секој студент кој е запишан во зимскиот семестар во учебната 2019/2020 година.

За кандидат за претседател на Собранието може да биде предложен или да се кандидира секој редовен студент кој е запишан во зимскиот семестар во учебната 2019/2020 година и кој ги положил сите испити заклучно со третиот семестар предвидени во студиската програма на која е запишан.

Кандидат за член на Студентското собрание не може во исто време да биде и кандидат за претседател на Собранието.

Предлагањето и кандидирањето за член и за претседател на Факултетското собрание се врши на Собирот на студенти.

Предлагањето на кандидати се врши со поднесување Пријава – Предлог на кандидат за член/претседател со Изјава за прифаќање на кандидатурата од студентот кој е предложен за кандидат.

Кандидирањето за член/претседател се врши со поднесување Изјава дека студентот се кандидира за член/претседател.

Обрасците на Пријавата–Предлогот со Изјавата за прифаќање на кандидатурата и на Изјавата за кандидирање за член/претседател се објавени во прилог на известувањето.

За одржаниот Собир на студенти се составува и заверува записник.

На Собирот на студенти ќе присуствува Изборната комисија.

Административната и стручната подршка ќе ја обезбеди Стручната и административна служба на Факултетот.

ИЗБОРНА КОМИСИЈА

Универзитет "Св. Кирил и Методиј" во Скопје
Република Северна Македонија
МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ